Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Сто деведесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 ноември 2023 година

Скопје, ноември 2023 година

**З А П И С Н И К**
**од Сто деведесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 ноември 2023 година**

Седницата започна во 12:50 часот.

На седницата претседаваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија и д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваше м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Фатмир Мехмети, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање, како и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Викторија Аврамовска-Мадиќ, заменик на министерот за правда, Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, д-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација.

На седницата присуствуваше и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Метју Лосон, амбасадор на Обединетото Кралство во Република Северна Македонија и Крис Бартон, Комисионер за трговија од Амбасадата на Обединетото Кралство и претставници од британската Интернационална здравствена групација, претставници од Министерството за финансии, Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија, како и Кирил Петровски, помошник-нотар.

Од седницата отсуствуваше м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата м-р Кренар Лога, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

Усвојување на Записникот од 194-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 октомври 2023 година

Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија

Информација за подготовка на билатерален скрининг за Поглавје 12-Безбедност на храната, ветеринарна и фитосанитарна политика од Кластер 5-Ресурси, земјоделство и кохезија, со Предлог-листа и прилози

Информација за одржаниот Деветнаесетти состанок (1 декември 2022 година) и подготовка на Дваесеттиот состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој ќе се одржи на 30 ноември 2023 година, со прилози

Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јули 2023 година-31 декември 2023 година

Презентација во врска со понудата за здравствени услуги за Република Северна Македонија, презентирана од страна на Амбасадата на Обединетото Кралство во Република Северна Македонија и британската Интернационална здравствена групација, а со цел подобрување на здравствените услуги во Република Северна Македонија

1. Информација за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање, со Предлог-одлука (Имотен лист бр.56312, КП бр.1309, дел 13, КО Центар 2)

2. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања-Скопје

3. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија-Скопје

4. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за класификација за објектите за спорт од национално и локално значење во сопственост на Република Македонија

5. Предлог-одлука за продажба на деловни простории во сопственост на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија

6. Предлог-одлука за продажба на деловен простор во сопственост на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија

7. Известување за преземени мерки по препораките на овластениот државен ревизор содржани во Конечниот ревизорски извештај-ИЗПМ и Акцискиот план со точно дефинирани активности, рокови и носители за спроведување на дадени препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија-Скопје (Сметка 737) и Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеноста за 2021 година на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија-Скопје (Сметка за средства од програмата за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (Сметка 531))

8. Информација за давање на согласност на Ценовникот за висината на цената на сурова вода наменета за водоснабдување на населението на ЈПВ Лисиче-Велес кон ЈКП Дервен-Велес за регулиран период 2024-2026 година, со Предлог-одлука

9. Информација за продажба на деловни простории во сопственост на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“-Скопје, со Предлог-одлука

10. Предлог-одлука за престанување на важењето на Одлуката за преобразба на Јавното претпријатие за стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република Македонија во Друштво со ограничена одговорност

11. Предлог-одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје

12. Информација за задолжување на Општина Ресен со долгорочен кредит кај Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје, со предлог-одлуки за

задолжување на Општина Ресен со долгорочен кредит кај Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје

13. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Зла Осојница“, с.Блаце, Општина Брвеница, со Јавен повик и Тендерска документација

14. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Арка, Скопје, со Предлог-решение

15. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Еми, Струмица, со Предлог-решение

16. Предлог-одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина-гранит на Мешовитото друштво за производство, промет и услуги ГРАНИ-ПРИ увоз-извоз ДОО, с.Желино, Желино на локалитетот „Голем Камен-Котелот“, с.Лопатица, Општина Прилеп

17. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-травертин на локалитетот „Матка“, Општина Сарај

18. Информација за започнување на постапка за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

19. Информација за изменување и дополнување на Стратегијата за одржлив развој на шумарството во Република Северна Македонија (2006-2026), со Акциски план за периодот 2024-2026 година и текст на Стратегија

20. Предлог-програма за изменување на Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2023 година

21. Предлог-програма за изменување на Програмата за управување со водите за 2023 година

22. Информација во врска со барањето на согласност за пренос на уделите во „Водават 6“ ДОО Охрид, концесионер во Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Беличка 52, со Предлог-одлука

23. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за личностите и објектите што се обезбедуваат, видовите на мерки и активности и степените на обезбедување

24. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Здружението на граѓани Хорски фестивал „Техо“-Тетово

25. Информација за потпишување на Спогодба за финансирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Европската комисија со која се изменува Спогодбата за финансирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Европската комисија за „ИНТЕРЕГ-ИПА Програмата за прекугранична соработка Бугарија-Република Македонија 2014-2020“ (ЦЦИ 2014ТЦ1615ЦБ006), со прилози и текст на Спогодба

26. Информација за потпишување на Меморандум за меѓународна развојна соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Словенија за периодот 2023-2024 година, со усогласен текст на Меморандум

27. Информација за инклузија на деца Роми во предучилишно образование преку системски пристап со вклучување на единиците на локална самоуправа за ослободување од партиципација на деца Роми што се во социјален ризик

28. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за проширување на дејноста на Јавната здравствена установа Здравствен дом „акад. проф. д-р Димитар Арсов“-Крива Паланка за спроведување специјалистичко-консултативна здравствена заштита на секундарно ниво од областа на гастроентерохепатологијата

29. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за проширување на дејноста на Јавната здравствена установа Здравствен дом „акад. проф. д-р Димитар Арсов“-Крива Паланка за спроведување специјалистичко-консултативна здравствена заштита на секундарно ниво од областа на медицината на трудот

30. Предлог-одлука за утврдување на работите на премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија

31. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, по скратена постапка, поднесен од пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов

32. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.170/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на делот „ставот 5 на“ од член 95 став 7 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19) и Автентичното толкување на член 57 став (2) од Законот за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште, објавен во „Службен

весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/21)

33. Понуда од нотар Цеца Малева Стоев од Гевгелија за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.602, за КО Миравци на КП бр.6342

34. Понуда од нотар Хакија Чоловиќ за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.196465, за КО Драчево 2, на КП бр.11480, викано место/улица „Аџево“

35. Понуда од нотар Нерџиван Идризи од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.899 за КО Бутел, на КП бр.4970, викано место/улица „Хо Ши Мин“

36. Понуда од нотар Љупчо Јорданов од Радовиш за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.83212, за КО Радовиш, на КП бр.2424, викано место/улица „Град“

37. Понуда од нотар Виолета Ангеловска од Битола за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.95962, за КО Битола 4, на КП 6220, викано место/улица „Девејани“

38. Кадровски прашања

39. Прашања и предлози

40. Шестмесечен извештај за работата на Агенцијата за катастар на недвижности за периодот јануари-јуни 2023 година

41. Акциски план за постапување по препораките на Државниот завод за ревизија на Република Северна Македонија содржани во Конечниот извештај бр.19-229/6 од 20.3.2023 година

42. Извештај за финансиско работење за период од 1 април до 30 јуни 2023 година, на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“-Скопје, во државна сопственост

43. Извештај за работата на јавните обвинителства на Република Северна Македонија во 2022 година

44. Извештај за извршени инспекциски надзори над спроведувањето на обврските на концесионерите утврдени во договорот за давање на концесија на риби за организирање на рекреативен и вршење на стопански риболов за периодот јануари-јуни 2023 година

45. Предлог-одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија

46. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за посебни услови за трговијата на одделни стоки

47. Информација во врска со Барањето на Јавното претпријатие за државни патишта за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минералната суровина-варовник на локалитетот „Горно Поле“, с.Горна Бањица, Општина Гостивар, со Предлог-одлука

48. Информација за одобрување на Урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен коридор 10д, делница на Автопат Прилеп-Битола, Општина Прилеп, Општина Могила и Општина Битола (км 7+825.81-км 37+072), со Предлог-одлука

49. Предлог-одлука за доделување средства за финансирање на проекти за развој на планските региони за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година, Предлог-одлука за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби во 2023 година, со индикативно планирани средства за 2024 година, Предлог-одлука за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на села во 2023 година, со индикативно планирани средства за 2024 година и Предлог-одлука за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на урбани подрачја во 2023 година, со индикативно планирани средства за 2024 година

50. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на планските региони за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година

51. Информација за измена и дополна за потпишување на Договор меѓу Европска Унија од една страна и Република Северна Македонија од друга страна за учество во Програмата на Унијата „Живот“ (LIFE) за заштита на животната средина и климатски активности

52. Предлог-програма за изменување на Програмата за финансирање на земјоделски производители на храна за 2023 година

53. Предлог на закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, по скратена постапка

54. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за буџети, по скратена постапка

55. Предлог на буџет на Република Северна Македонија за 2024 година

56. Предлог на закон за виното (*)

57. Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за Железничкиот Коридор VIII-Фаза 3, делница од Крива Паланка до граница со Република Бугарија, по скратена постапка

58. Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Финансискиот договор за Железничкиот коридор VIII-источна делница МК, делница Крива Паланка-граница меѓу Северна Македонија и Бугарија, по скратена постапка

59. Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка по Договорот за заем за развојни политики за одржливост и отпорност, по скратена постапка

60. Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова (КфВ) по Договор за заем заснован на политики за Северна Македонија, по скратена постапка

61. Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Унија по Договор за заем за Макрофинансиска поддршка на Република Северна Македонија, по скратена постапка

62. Информација во врска со одбележувањето на Денови на албанската азбука

63. Предлог-одлука за основање на Национална установа „Спомен-куќа на Мустафа Кемал Ататурк“-Коџаџик, Центар Жупа

64. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за основање на Национална установа „Центар за култура на турската заедница во Република Северна Македонија“-Скопје

65. Информација во врска со реализацијата на проектот за реконструкција и адаптација на старото училиште „Димитар Влахов“ во с.Љубојно

66. Информација за разгледување на можноста, правните основи и исполнетоста на условите за спојување на универзитетските клиники и универзитетските институти од Комплексот клиники „Мајка Тереза“ во Јавна здравствена установа-Универзитетски клинички центар

67. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на

пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 2 ноември 2023 година до 8 ноември 2023 година

68. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 20 октомври 2023 година до 26 октомври 2023 година

69. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 3 ноември 2023 година до 5 ноември 2023 година

70. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 26 октомври 2023 година до 1 ноември 2023 година

71. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 27 октомври 2023 година до 2 ноември 2023 година

72. Информација за потребата од обезбедување на дел од возилата на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, органите на државна управа и градоначалниците на општините и Град Скопје во Република Северна Македонија, за потреби на одржувањето на Конференцијата на Министерскиот совет на ОБСЕ во Скопје

73. Информација за добивање согласност за споделување на завршен извештај и конечен Предлог-Договор за градење со стратешкиот партнер до Комитетот за

преговори формиран од Владата на Република Северна Македонија и Договорот за изградба на автопат на Коридорот 8: делница Тетово-Гостивар-Букојчани и Требениште-Струга-Ќафасан и автопат на Коридор 10 Д: делница Прилеп-Битола, со Државен завод за ревизија

*
*     *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Сто деведесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 октомври 2023 година

*
*     *

Пред преминување на Дневен ред

**• Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија**

**- Информација за подготовка на билатерален скрининг за Поглавје 12-Безбедност на храната, ветеринарна и фитосанитарна политика од Кластер 5-Ресурси, земјоделство и кохезија, со Предлог-листа и прилози**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на билатерален скрининг за Поглавје 12-Безбедност на храната, ветеринарна и фитосанитарна политика од Кластер 5-Ресурси, земјоделство и кохезија, со Предлог-листа и прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја утврди Листата на учесници за билатералниот скрининг за Поглавје 12-Безбедност на храната, ветеринарна и фитосанитарна политика.

2. Се задолжува Работната група за Поглавје 12-Безбедност на храната, ветеринарна и фитосанитарна политика при настапот на билатералниот скрининг да се придржува кон дефинираните ставови и позиции согласно презентациите и насоките од главниот преговарач и Секретаријатот за европски прашања.

**- Информација за одржаниот деветнаесетти состанок (1 декември 2022 година) и подготовка на дваесеттиот состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој ќе се одржи на 30 ноември 2023 година, со прилози**

Владата ја разгледа Информацијата за одржаниот Деветнаесетти состанок (1 декември 2022 година) и подготовка на Дваесеттиот состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување во рамките на Комитетот за

стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој ќе се одржи на 30 ноември 2023 година, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се назначува Ардиана Абази-Рамадани, државен советник во Министерството за економија, за копретседавач на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување.

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, добиените пишани материјали согласно точките на дневниот ред на состанокот на Поткомитетот, да ги достави до службите на Европската комисија на англиски јазик, најдоцна до 16 ноември 2023 година.

3. Се задолжува Министерството за економија, најдоцна до 15 ноември 2023 година, до Секретаријатот за европски прашања да достави позадински материјал на англиски јазик за точка 5.2-Програма за единствен пазар.

4. Се задолжува Министерството за финансии, најдоцна до 15 ноември 2023 година, до Секретаријатот за европски прашања да достави номинација за точка 4.2 за делот за извозни кредити, како и за точка 5 за делот на Планот за раст и Директивата за задоцнето плаќање и за имплементацијата на Акцискиот план за формализирање на неформалната економија.

5. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, најдоцна до 15 ноември 2023 година, до Секретаријатот за европски прашања да достави номинација за точка 4.2 од Агендата за делот за скрининг механизам на странски директни инвестиции, како и за активностите од надлежност на Кабинетот во врска со точка 5-Проекти и активности на Северна Македонија за подобрување на деловната клима, конкурентноста и иновативноста.

6. Се задолжува Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, најдоцна до 15 ноември 2023 година, до Секретаријатот за европски прашања да достави номинација на лице за точка 5 од Агендата за делот на Законот за финансиска поддршка на инвестиции.

7. Се задолжува Министерството за здравство, најдоцна до 15 ноември 2023 година, до Секретаријатот за европски прашања да достави номинација на лице за точка 7.1.3 од Агендата-Усогласување на законодавството со директивите од стариот приод, како и за точка 3.3.1, во врска со ратификацијата на Протоколот за недозволена трговија со тутунски производи.

8. Се задолжува Министерството за економија-Државен пазарен инспекторат, најдоцна до 15 ноември 2023 година, до Секретаријатот за европски прашања да

достави номинација на лице во врска со точка 7.1.1. од агендата-Хоризонтални и процедурални мерки за стандардизација, метрологија, акредитација, оцена на сообразност и надзор над пазарот.

9.Се задолжува Институтот за акредитација на Република Северна Македонија, најдоцна до 15 ноември 2023 година, до Секретаријатот за европски прашања да достави номинација на лице за точка 7.1.1. од Агендата-Хоризонтални и процедурални мерки за стандардизација, метрологија, акредитација, оцена на сообразност и надзор над пазарот.

10. Се задолжува Министерството за економија-Биро за метрологија, најдоцна до 15 ноември 2023 година, до Секретаријатот за европски прашања да достави номинација на лице за точка 7.1.1. од Агендата-Хоризонтални и процедурални мерки за стандардизација, метрологија, акредитација, оцена на сообразност и надзор над пазарот.

11. Се задолжува Фондот за иновации и технолошки развој, најдоцна до 15 ноември 2023 година, до Секретаријатот за европски прашања да достави номинација на лице за точка 5 од Агендата-Проекти и активности на Северна Македонија за подобрување на деловната клима, конкурентноста и иновативноста.

- **Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јули 2023 година-31 декември 2023 година**

Владата го разгледа Барањето од Министерството за финансии за изменување на Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.7.2023 година-31.12.2023 година, го прифати и заклучи:

1. Да се измени Законодавната агенда и тоа:

- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за фондот за осигурување на депозити, рокот за доставување наместо јули 2023 година да биде декември 2023 година;

- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот, рокот за доставување наместо септември 2023 година да биде декември 2023 година;

- Предлог на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје за мали и средни претпријатија, кој ќе се склучи меѓу Француската агенција за развој (АФД) и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, рокот за доставување наместо септември 2023 година да биде декември 2023 година;

- Предлог на закон за даночната постапка, рокот за доставување наместо септември 2023 година да биде декември 2023 година;

- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжителни нафтени резерви, кој е со рок октомври 2023, да се избрише од Законодавната агенда;

- Предлог на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на проектот „Изградба на интерконективен гасовод меѓу Република Северна Македонија и Република Грција и изградба на магистрални гасоводи делница Гостивар-Кичево и делница Свети Николе-Велес", кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и АД НЕР Скопје, рокот за доставување наместо октомври 2023 година да биде декември 2023 година;

- Предлог на закон за стратешко планирање и управување со развојот на Република Северна Македонија, кој е со рок ноември 2023 година, да се избрише од Законодавната агенда;

- Предлог на закон за сметководство, рокот за доставување наместо декември 2023 година да биде во 2024 година;

- Предлог на закон за управување со алтернативни инвестициски фондови, рокот за доставување наместо декември 2023 година да биде 2024 година и

- Предлог на закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа, рокот за доставување наместо декември 2023 година да биде 2024 година.

Согласно ова, соодветно да се измени Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година.

2. Изменетата Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.7.2023 година-31.12.2023 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година, да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

3. Се задолжуваат сите министри да го следат реализирањето на Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.7.2023 година-31.12.2023 година и навремено да ги планираат активностите во институциите, со цел доследно исполнување на обврските и роковите кои произлегуваат од истата.

• **Презентација во врска со понудата за здравствени услуги за Република Северна Македонија, презентирана од страна на Амбасадата на Обединетото Кралство во Република Северна Македонија и британската Интернационална здравствена групација, а со цел подобрување на здравствените услуги во Република Северна Македонија**

По повод Презентацијата во врска со понудата за здравствени услуги за Република Северна Македонија, презентирана од страна на Амбасадата на Обединетото Кралство во Република Северна Македонија и британската Интернационална

здравствена групација, а со цел подобрување на здравствените услуги во Република Северна Македонија, претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски се заблагодари на Метју Лосон, амбасадор на Обединетото Кралство во Република Северна Македонија за неговото присуство на седницата на Владата и притоа истакна дека Владата на Република Северна Македонија високо ја цени неговата поддршка за целокупната организација и презентација на понудата за здравствени услуги за Република Северна Македонија.

Свое обраќање имаше амбасадорот на Обединетото Кралство во Република Северна Македонија, Метју Лосон, кој истакна дека му е особена чест и привилегија што ја има оваа прилика да учествува на владината седница и воедно ги претстави Крис Бартон, комисионер за трговија од Амбасадата на Обединетото Кралство во Република Северна Македонија, како и другите претставници од британската Интернационална здравствена групација, како учесници кои ќе ја претстават Презентацијата.

Комисионерот за трговија од Амбасадата на Обединетото Кралство, Крис Бартон, заедно со другите претставници од британската Интернационална здравствена групација, ги презентираа инвестициските можности и трговски релации што Обединетото Кралство ги има со Република Северна Македонија и притоа истакна дека нашата земја е значаен трговски партнер на Обединетото Кралство, а трговските релации меѓу овие две земји изнесуваат околу 2 милијарди фунти. Подвлече дека постои голем потенцијал за соработка меѓу двете земји во однос на дигиталната технологија, одбраната и здравствениот систем, односно болниците. Понатаму, истакна дека британската Интернационална здравствена групација има за цел да направи одредени подобрувања на болничкиот т.е. здравствениот систем во Република Северна Македонија, кои не се однесуваат само на изградба на нови болници, туку воопшто, кон целокупно подобрување на здравствените услуги во земјата.

Министерот за здравство, д-р Фатмир Меџити, истакна дека во изминатиот период имале повеќе средби со претставниците на британската Интернационална здравствена групација, на кои размениле повеќе мислења и видувања за тоа како треба да изгледа целокупниот здравствен систем во земјата. Исто така, истакна дека концептот за новиот клинички центар треба да биде проширен со неколку регионални центри низ целата земја.

Имајќи го предвид претходно наведеното, одржаната презентација и дискусија, а на предлог на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски, Владата заклучи да формира работна група, составена од претставници од Министерството за здравство, Министерството за финансии, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за транспорт и врски и м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, претставник на Владата од редот на министрите, кој учествува на неделните координативни средби во

Собранието на Република Северна Македонија, која ќе работи на конретени документи и ќе понуди сеопфатно решение кое ќе обезбеди најдобри здравствени услови и услуги не само во главниот град, но и во другите градови ширум Република Северна Македонија.

*

*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање, со Предлог-одлука (Имотен лист бр.56312, КП бр.1309, дел 13, КО Центар 2), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на одземен недвижен имот.

**Точка 2**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања-Скопје.

**Точка 3**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија-Скопје.

**Точка 4**

Владата ја донесе Уредбата за изменување на Уредбата за класификација за објектите за спорт од национално и локално значење во сопственост на Република Македонија.

**Точка 5**

Владата ја донесе Одлуката за продажба на деловни простории во сопственост на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија.

**Точка 6**

Владата ја донесе Одлуката за продажба на деловен простор во сопственост на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија.

## Точка 7

Владата го одложи од разгледување Известувањето за преземени мерки по препораките на овластениот државен ревизор содржани во Конечниот ревизорски извештај-ИЗПМ и Акцискиот план со точно дефинирани активности, рокови и носители за спроведување на дадени препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија-Скопје (Сметка 737) и Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеноста за 2021 година на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија-Скопје (Сметка за средства од програмата за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (Сметка 531)), поради потребата истото да биде разгледано во присуство на м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење.

## Точка 8

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност на Ценовникот за висината на цената на сурова вода наменета за водоснабдување на населението на ЈПВ Лисиче-Велес кон ЈКП Дервен-Велес за регулиран период 2024-2026 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност на Ценовникот за висината на цената на сурова вода наменета за водоснабдување на населението на ЈПВ Лисиче-Велес кон ЈКП Дервен-Велес за регулиран период 2024-2026 година.

## Точка 9

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на деловни простории во сопственост на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“-Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на деловен простор во сопственост на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“-Скопје.

## Точка 10

Владата ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за преобразба на Јавното претпријатие за стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република Македонија во Друштво со ограничена одговорност.

## Точка 11

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје.

## Точка 12

Владата ја разгледа Информацијата за задолжување на Општина Ресен со долгорочен кредит кај Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје, со предлог-одлуки за задолжување на Општина Ресен со долгорочен кредит кај Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје, ја усвои Информацијата и ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за задолжување на Општина Ресен со долгорочен кредит кај Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје (Света Вода).

2. Ја донесе Одлуката за задолжување на Општина Ресен со долгорочен кредит кај Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје (Зелена интер е-мобилност).

## Точка 13

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Зла Осојница“, с.Блаце, Општина Брвеница, со Јавен повик и Тендерска документација, ја усвои Информацијата и ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-варовник на локалитетот „Зла Осојница“, с.Блаце, Општина Брвеница.

## Точка 14

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Арка, Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од прва категорија со пет (5) ѕвезди).

## Точка 15

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Еми, Струмица, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди).

## Точка 16

Владата ја донесе Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина-гранит на Мешовитото друштво за производство, промет и

услуги ГРАНИ-ПРИ увоз-извоз ДОО, с.Желино, Желино на локалитетот „Голем Камен-Котелот“, с.Лопатица, Општина Прилеп.

**Точка 17**

Владата, на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за еднostran раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-травертин на локалитетот „Матка“, Општина Сарај.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за започнување на постапка за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во Република Северна Македонија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во ловните реони Кичево, Македонски Брод и Демир Хисар.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за изменување и дополнување на Стратегијата за одржлив развој на шумарството во Република Северна Македонија (2006-2026), со Акциски план за периодот од 2024-2026 година и текст на Стратегија, ја усвои Информацијата и ја прифати Стратегијата за изменување и дополнување на Стратегијата за одржлив развој на шумарството во Република Македонија.

**Точка 20**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2023 година.

**Точка 21**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за управување со водите за 2023 година.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со барањето на согласност за пренос на уделите во „Водават 6“ ДОО Охрид, концесионер во Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Беличка 52, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за пренос на уделот од содружникот Друштвото за угостителство, производство, трговија и услуги „Јас и братми 2010“ увоз-извоз ДООЕЛ с.Лескоец, Охрид на содружникот Друштвото за

производство и трговија „Асп-пак“ заштитно друштво ДООЕЛ Охрид, во концесионерот Друштвото за производство на електрична енергија „Водават 6“ ДОО Охрид.

## Точка 23

Владата ја донесе Уредбата за изменување на Уредбата за личностите и објектите што се обезбедуваат, видовите на мерки и активности и степените на обезбедување.

## Точка 24

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Здружението на граѓани Хорски фестивал „Техо“-Тетово.

## Точка 25

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Спогодба за финансирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Европската комисија со која се изменува Спогодбата за финансирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Европската комисија за „ИНТЕРЕГ-ИПА Програмата за прекугранична соработка Бугарија-Република Македонија 2014-2020“ (ЦЦИ 2014ТЦ1615ЦБ006), со прилози и текст на Спогодба и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Спогодбата за финансирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Европската комисија со која се изменува Спогодбата за финансирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Европската комисија за „ИНТЕРЕГ-ИПА Програмата за преку-гранична соработка Бугарија-Република Македонија 2014-2020“ (ЦЦИ 2014ТЦ1615ЦБ006).

2. Се определува Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и национален ИПА координатор, во име на Владата на Република Северна Македонија, да ја потпише Спогодбата за финансирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Европската комисија со која се изменува Спогодбата за финансирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Европската комисија за „ИНТЕРЕГ-ИПА Програмата за прекугранична соработка Бугарија-Република Македонија 2014-2020“ (ЦЦИ 2014ТЦ1615ЦБ006).

## Точка 26

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Меморандум за меѓународна развојна соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Словенија за периодот 2023-2024 година, со усогласен текст на Меморандум и ја усвои со следниве заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за меѓународна развојна соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Словенија за периодот 2023-2024 година.

2. Се определува м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и национален ИПА координатор, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Меморандумот за меѓународна развојна соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Словенија за периодот 2023-2024 година.

## Точка 27

Владата ја разгледа Информацијата за инклузија на деца Роми во предучилишно образование преку системски пристап со вклучување на единиците на локална самоуправа за ослободување од партиципација на деца Роми што се во социјален ризик и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се препорачува на општините наведени во Табелата 1 дадена во прилог, да ја разгледаат можноста за ослободување од партиципација на вкупно 430 деца Роми на возраст од три до шест години за учебната 2023-2024 година, во рамки на проектот „Инклузија на деца Роми во предучилишно образование“ и за преземената активност да го информираат Министерството за труд и социјална политика до крајот на ноември 2023 година.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика до крајот на декември 2023 година да ја информира Владата за напредокот на имплементација на проектот „Инклузија на деца Роми во предучилишно образование“.

## Точка 28

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за проширување на дејноста на Јавната здравствена установа Здравствен дом „акад. проф. д-р Димитар Арсов“-Крива Паланка за спроведување специјалистичко-консултативна здравствена заштита на секундарно ниво од областа на гастроентерохепатологијата.

## Точка 29

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за проширување на дејноста на Јавната здравствена установа Здравствен дом „акад. проф. д-р Димитар Арсов“-Крива Паланка за спроведување специјалистичко-консултативна здравствена заштита на секундарно ниво од областа на медицината на трудот.

## Точка 30

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на работите на премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија.

## Точка 31

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, по скратена постапка, поднесен од пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов и притоа го утврди следното мислење:

Со предложените измени и дополнувања се предлага воведување посебен законски основ, нова алинеја 13 во членот 16 став (1) од Законот, за донесување програма на Владата на Република Северна Македонија за реализација на мерките и активностите од областа на обезбедувањето инсулин, глукагон, инсулински игли, апарати за мерење гликемија, ленти за мерење гликемија, системи за континуирано мерење на гликемија, инсулински пумпи за дозирање на инсулин кај пациенти со тип 1 дијабетес мелитус.

Меѓутоа, во Законот за здравствената заштита веќе постои експлицитен законски основ за донесување на оваа програма, утврден во истиот член 16 став (1) алинеја 10 од Законот, како дел од законската обврска на Владата на сите граѓани на Република Северна Македонија да им се обезбеди остварување на со овој закон загарантираните права, утврдени потреби и интереси. Врз основа на овој законски основ, Програмата на Владата за обезбедување инсулин се донесува секоја година, се применува и спроведува.

Во моментов, донесена е и се применува Програмата за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шеќер, инсулински пумпи со потрошен материјал и сензори за континуирано мерење на гликемија за 2023 година. Програмата е објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 27/23 година.

Во оваа програма се опфатени сите аспекти што се содржани и во Предлогот на Закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита. Во оваа програма на Владата, врз основа на важечкиот законски основ за задолжително обезбедување инсулин, во Програмата се опфатени и глукагонот, како и целокупниот потрошен материјал и технички средства и помагала без кои самиот инсулин и глукагон не можат да се применуваат. Тука спаѓаат инсулинските игли, апаратите за мерење гликемија, лентите за мерење гликемија, системите за континуирано мерење на гликемија, инсулинските пумпи за дозирање на инсулин кај пациенти со тип 1 дијабетес мелитус. Сето тоа е потрошен материјал кој е предвидено да се обезбедува со Програмата, затоа што е неопходен за следење, контрола и спроведување на третманот на пациентите болни од дијабетес мелитус.

Ова не е случај само со Програмата за 2023 година, туку и сите претходни програми на Владата во оваа област, во овие аспекти на планирањето, подготвувањето, следењето, реализацијата на оваа програма, како и на постапките за реализирање на финансиските средства до извршителите на активностите од оваа програма.

Од друга страна, опфатот на Програмата, согласно важечкиот законски основ за обезбедување инсулин, во кој не е определен опфатот на лицата со дијабетес мелитус, не се однесува само на пациентите со дијабетес мелитус-тип 1, како вид на дијабетес што вообичаено се јавува на помлада возраст и е застапен кај околу 4 000 лица, туку и на пациентите со дијабетес мелитус-тип 2, кој опфаќа 96% од сите дијагностицирани случаи, од кои 42% се на инсулинска терапија, а останатите користат орална антидијабетична терапија. Иако инсулинските пумпи за дозирање на инсулин не се наменети за пациентите со дијабетес тип 2, може да постојат случаи во кои инсулинските пумпи се корисни и за овие пациенти, а со усвојувањето на предлогот, така како што е формално предложен, во примената на предложената законска одредба за донесување на Програмата, може да се создаде нејаснотија дека новите програми што ќе се донесуваат по овој основ треба, во целина или само во однос на инсулинските пумпи за дозирање на инсулин, да ги опфатат и да се однесуваат само за пациентите со Diabetes mellitus-тип 1, што не е случај со важечкиот законски основ врз основа на кој се донесува Програмата, во кој не е определен опфатот на лицата со дијабетес мелитус, така што Програмата се однесува за сите пациенти со двата типа на ова заболување.

Заради спроведување на соодветен третман на пациентите болни од дијабетес мелитус, формирана е Национална комисија за дијабетес мелитус, со законски определен делокруг на работа, состав и мандат, начин на работа, разгледување на одделни случаи, подготвување извештаи и водење евиденција (членови 248-а и 248-б од Законот за здравствената заштита).

Работата на Националната комисија за дијабетес мелитус е поврзана со мерките и активностите за спроведување на програмата за обезбедување инсулин и неопходниот потрошен материјал и технички средства и помагала, преку своите законски утврдени надлежности:

- ја следи имплементацијата на стручните упатства за медицина базирана на докази од областа на дијабетес мелитус за начинот на вршење на здравствената дејност која се однесува на третманот и контролата на пациентите болни од дијабетес мелитус од страна на докторите на медицина специјалисти по интерна медицина кои препишуваат инсулинска терапија;

- врз основа на препораките од стручните упатства за медицина базирана на докази од областа на дијабетес мелитус за начинот на вршење на здравствената дејност која се однесува на третманот и контролата на дијабетес мелитус, одобрува префрлување од терапија со хумани инсулини на терапија со инсулински аналози и

обратно, како и префрлување од терапија со едни инсулински аналози на други инсулински аналози, и

- врши евалуација на инсулинската терапија кај пациенти болни од дијабетес мелитус согласно нивната медицинска документација и дава препораки за понатамошно користење на инсулинската терапија и останатиот антидијабетичен третман кај евалуираните пациенти.

Образложението на кое се заснова предлогот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита не нуди доволна аргументација за потребата и неопходноста да се воспостави посебен основ за донесувањето на програмата за обезбедување инсулин и глукагон, особено со наведување во самиот законски основ и на целокупниот потрошен материјал и технички средства и помагала, како материјал и средства без кои, всушност, самиот инсулин и глукагон и не можат да се применуваат.

Во Предлогот не се образложуваат потребата и очекувањата дека токму со воведувањето посебен основ за нејзино донесување, во нова алинеја од истата законска одредба во која тој основ е веќе содржан, ќе се добие поквалитетна и подобра програма, со повисоки, пореални и поизвесни очекувања за нејзина поефикасна и подобра примена.

Од тие причини, Владата на Република Северна Македонија смета дека во Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита нема доволно истакнати аргументи за оправданоста на истиот за воведување нова алинеја, како посебен законски основ за донесување на оваа програма, затоа што таков законски основ веќе постои во истиот член од Законот и се применува, со целосно нормативно поставен и разработен систем за следење, контрола и спроведување на третманот на пациентите болни од дијабетес мелитус.

## <u>Точка 32</u>

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.170/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на делот „ставот 5 на“ од член 95 став 7 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19) и Автентичното толкување на член 57 став (2) од Законот за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/21) и притоа го утврди следното мислење:

Имајќи ги предвид материјалните одредби од член 95 став (5) и став (7) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19), со кои е предвидено дека „(5) Програмата за уредување на

градежно земјиште особено содржи податоци за: просторот кој е предмет на уредување, обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште, обемот и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктура, изворите за финансирање на програмата, пресметување на трошоците за уредувањето на градежното земјиште, висината на надоместокот за уредувањето на градежното земјиште и неговата распределба, начин на распределба на средствата за финансирање за изградба и одржување на инфраструктурата, динамика на извршување на Програмата и објекти на инфраструктурата од јавен интерес за Република Северна Македонија и оцена за нивното влијание врз животната средина и природата, согласно со закон, што ги финансира Република Северна Македонија, односно инвеститорот на кого земјиштето му го отуѓила или дала под долготраен закуп Република Северна Македонија.

(7) Во случаите од ставот (5) на овој член опремата, објектите и инсталациите преминуваат во сопственост на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје или на јавното претпријатие кои склучуваат договор со приватниот инвеститор за условите и начинот на враќање на инвестицијата, пред да почне изградбата на инвестицијата.“, како и имајки ги предвид истакнатите наводи во предметната Иницијатива со кои се потенцира дека: „предвидената Програма за уредување на градежно земјиште во ниту еден момент не пропишува за тоа како ќе се враќа инвестицијата, при што со оспорениот дел „ставот (5) на“ од член 95 став 7 од Законот заградежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и 275/19) и Автентичното толкување на член 57 став (2) од Законот за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/21), може да се доведе во заблуда при примената на самата одредба, за кое нешто предлагачот на Иницијативата смета дека не е во согласност со начелото на владеење на правото пропишано со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, односно дека оспорениот дел упатува на примена на одредба која ниту содржински, а ниту пак суштински треба да се надополнува или појаснува, го содржи она што треба како би се формирала правно логична функционална целина“, се укажува дека наводите истакнати во предметната Иницијатива се генерални без прецизни и соодветни факти и аргументи кои придонесуваат за укинување на оспорените одредби.

Имено, согласно поглавје VII-Уредување на градежно земјиште, а врз основа на материјалните одредби од член 94 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“, бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19), конкретно е извршено нормативно уредување на постапките за уредување на градежното земјиште во смисла на изградба на објекти на комунална инфраструктура, заради обезбедување на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, поставување на водоводна, фекална и атмосферска канализација и друга

инсталација со приклучоци до градежната парцела, кое нешто се спроведува преку планирање, проектирање и изведување на цитираната инфраструктурата според урбанистичките планови, урбанистичка планска документација или проект за инфраструктура утврдени со закон, додека, степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост го пропишува министерот, за кое нешто е донесен и Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Службен весник на Република Македонија“ бр.193/16 и 72/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.16/22), при што одредбите од член 94, 95, 96, 97 и 98 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19), се јасни и прецизни норми, кои се надополнуваат едни со други и прават логична целина.

Согласно наведеното, оспорените одредби од член 95 став (5) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19), јасно предвидуваат кои податоци особено ги содржи Програмата за уредување на градежно земјиште, а истите се третираат како случаи од аспект на „просторот кој е предмет на уредување, обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште, обемот и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктура, изворите за финансирање на Програмата, пресметување на трошоците за уредувањето на градежното земјиште, висината на надоместокот за уредувањето на градежното земјиште и неговата распределба, начин на распределба на средствата за финансирање за изградба и одржување на инфраструктурата, динамика на извршување на Програмата и објекти на инфраструктурата од јавен интерес за Република Северна Македонија и оцена за нивното влијание врз животната средина и природата, согласно со закон, што ги финансира Република Северна Македонија, односно инвеститорот на кого земјиштето му го отуѓила или дала под долготраен закуп Република Северна Македонија“, додека со одредбите од став (7) од истиот член, јасно се предвидува дека „во случаите од ставот (5) на овој член опремата, објектите и инсталациите преминуваат во сопственост на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје или на јавното претпријатие кои склучуваат договор со приватниот инвеститор за условите и начинот на враќање на инвестицијата, пред да почне изградбата на инвестицијата“, при што законодавецот со вака дефинираните одредби го уредил прашањето за имотно-правниот статус на недвижните ствари-опремата, објектите и инсталациите опфатени со Програмата за уредување на градежно земјиште, при што е задржана правната и логична целина на оспорените одредби.

Согласно горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека предметната Иницијатива треба да биде отфрлена.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Цеца Малева Стоев од Гевгелија за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.602, за КО Миравци на КП бр.6342 и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Хакија Чоловиќ за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.196465, за КО Драчево 2, на КП бр.11480, викано место/улица „Аџево“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Нерџиван Идризи од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.899 за КО Бутел, на КП бр.4970, викано место/улица „Хо Ши Мин“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Љупчо Јорданов од Радовиш за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.83212, за КО Радовиш, на КП бр.2424, викано место/улица „Град“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Виолета Ангеловска од Битола за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.95962, за КО Битола 4, на КП 6220, викано место/улица „Девејани“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 38**

**1.** Владата го отповика Младен Стојаноски од должноста член на Надзорниот одбор на Акционерско друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје, поради истек на мандатот.

1.1 Владата го именува Младен Стојаноски за член на Надзорниот одбор на Акционерско друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје.

**2.** Владата го разреши Горан Тодоров од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, на негово барање, заклучно со 10 ноември 2023 година.

**3.** Владата го разреши Ќани Сеадиновски од должноста член на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, поради истек на мандатот.

3.1 Владата ја именува Милица Трпчевска за член на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија.

**4.** Владата од должноста вршители на должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие Колекторски систем, поради истек на мандатот ги разреши:

-Назмије Мерко Забзун
-Бранкица Крстаноска
-Стојмир Стојаноски
-Ацо Миладиноски и
-Суарта Амети

4.1 Владата за вршители на должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие Колекторски систем ги именува:

-Саше Јованоски
-Светозар Стефановиќ
-Славица Мијајлеска
-Иснет Мерко
-Илир Усејни

4.2 Владата за член на Управниот одбор на Јавното претпријатие Колекторски систем го именува Ненад Стојановски.

**5.** Владата ја разреши Лидија Неданоска од должноста вршител на должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие Колекторски систем, поради истек на мандатот.

5.1 Владата ја именува Гордана Јованоска за член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие Колекторски систем.

**6.** Владата го отповика Роберто Радески од должноста член на Надзорниот одбор на Друштво за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје.

6.1 Владата го избра Ќани Сеадиновски за член на Надзорниот одбор на Друштво за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје.

**7.** Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во најмалку три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Царинската управа.

**8.** Владата заклучи Заклучокот од Сто осумдесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 октомври 2023 година (точка 28-Кадровски прашања, заклучок под реден бр. 16) кој гласи: „Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија од должноста вршител на должноста директор да го разреши Хајрула Мисини, а за вршител на должност директор да го именува Имер Имери“, да се измени и да гласи: „ Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија од должноста директор да го разреши Хајрула Мисини, а за вршител на должноста директор да го именува Имер Имери.“

**9.** Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во најмалку три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

## Точка 39

**1.** Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година (за Национална установа-Албански театар-Скопје).

**2.** Владата го разгледа Барањето од НУ Драмски театар-Скопје за учество во регионалната унија на театри „Рута“, со Предлог-одлука, го прифати и ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година.

**3.** Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова (КфВ) по Договор за заем заснован на политики за Северна Македонија, по скратена постапка, доставен до Собранието на Република Северна Македонија, со писмо бр.41-11527/3 од 31 октомври 2023 година.

**4.** Владата по повод Триесеттиот министерски состанок на ОБСЕ, којшто ќе се одржи на 30 ноември и 1 декември 2023 година во Скопје, а имајќи ги предвид големината и значењето на наведениот настан и посебните безбедносни мерки и сообраќаен режим кои ќе бидат воведени во овој период на територијата на Град Скопје, ги донесе следните заклучоци:

1) Работното време на сите вработени во државната и јавната администрација на територијата на Град Скопје на 29 ноември 2023 година (среда), да заврши во 12 часот.

2) Се определува 30 ноември 2023 година (четврток) за неработен ден за сите вработени во државната и јавната администрација на подрачјето на Град Скопје.

3) Заклучоците број 1 и 2 се однесуваат и на основните и средните училишта на подрачјето на Град Скопје, но не се однесуваат на детските градинки и здравствените установи на подрачјето на Град Скопје, односно потребно е истите да изработат свои сопствени планови за работењето во овие дејности, со цел непречено функционирање.

4) Се препорачува на општините во градот Скопје и Градот Скопје да ги спроведат заклучоците број 1 и 2.

5) Се препорачува на приватниот сектор на подрачјето на Градот Скопје, а особено од подрачјето на Општина Карпош и општините кои гравитираат кон Спортскиот центар „Борис Трајковски“ и хотелот „Александар Палас“, да ги спроведат заклучоците број 1 и 2.

6) Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да издаде соопштение со кое ќе ја извести јавноста дека на 29 ноември 2023 година се воведува скратено работно време, а 30 ноември 2023 година (четврток) е неработен ден за сите вработени во државната и јавната администрација на подрачјето на Градот Скопје и истиот нема да се одработува.

**5.** Владата, по повод Триесеттиот министерски состанок на ОБСЕ, којшто ќе се одржи на 30 ноември и 1 декември 2023 година во Скопје, ја задолжи Дирекцијата за заштита и спасување, во соработка со Министерството за внатрешни работи и други надлежни органи, во рок од пет дена да изработи План за евакуација и да направи потребна организација за мобилизација на силите за заштита и спасување, со цел да ја овозможи сигурноста на делегациите и учесниците на Советот.

**6.** Владата на барање на министерот за одбрана, Славјанка Петровска, а во врска со Предлогот на закон за вработените во Министерството за одбрана, кој Владата условно го утврди на Сто осумдесет и четвртата седница на Владата, одржана на 12 септември 2023 година, ги задолжи Министерството за финансии и Министерството за информатичко општество и администрација за наредната седница на Владата кога повторно ќе се разгледува овој закон, да заземат конечен став по однос на текстот на Предлогот на закон.

**7.** Владата по повод укажувањето на д-р Фатмир Мецити, министер за здравство, а во врска со дефицитот на кадри во здравствениот сектор и потешкотиите при добивање на согласности за нови вработувања во истиот заклучи првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, министерот за здравство и министерот за финансии во најкус можен рок да одржат состанок со цел надминување на конкретното прашање.

**8.** Се задолжува Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 17 ноември 2023 година да достави табеларен преглед во ексел формат во електронска верзија со следните информации:

- број на лица вработени на определено време (со состојба 31 октомври 2023 година), со работни места и звања/нивоа на кои се распоредени по институциите; и

- број на лица вработени со договор преку агенции за привремени вработувања, согласно Законот за вработени во јавниот сектор, Законот за работните односи или друг закон (со состојба на 31 октомври 2023 година), со листа на работните места и звања/нивоа на кои се распоредени во институциите.

Бараните податоци се однесуваат само за институциите од јавниот сектор на централно ниво (министерства, органи во состав, регулаторни тела, самостојни органи на државната управа, трговски друштва во државна сопственост, согласно Законот за трговски друштва, јавни претпријатија во државна сопственост, фондови, агенции и другите јавни установи) каде како основач се јавува Владата или Собранието на Република Северна Македонија.

**9.** Владата, ја разгледа Информацијата во врска со продолжување на постапката за реализација на проектот „Воведување на брз автобуски превоз во Град Скопје", со Предлог-договор, како материјал за информирање.

**10.** Владата на барање на министерот за финансии, д-р Фатмир Бесими, ги задолжи Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за

одбрана, до наредната седница на Владата да доставаат соодветни предлози за изменување и дополнување на Законот за административни службеници, Законот за судска служба, Законот за јавнообвинителска служба, Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, Законот за заштита на децата, Законот за пензиското и инвалидското осигурување, Законот за социјалната заштита, Законот за извршување на санкциите и Законот за служба во Армијата на Република Северна, усогласени со потпишаниот Општ колективен договор за јавниот сектор.

**11.** Владата по заклучокот од точка 82-Прашања и предлози од Сто деведесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 ноември 2023 година, донесен по повод учеството на д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, на Меѓународниот саем на вино, храна и туризам „Винска визија на Отворен Балкан“, во Белград, Република Србија, предвиден да се одржи на 16 и 17 ноември 2023 година, а на кој под покровителство на Владата на Република Северна Македонија, ќе се одржи и настан „Македонска вечер“, заклучи да се изменат заклучоците под бр.2 и бр.3 и да се додаде нов заклучок бр.4 кои ќе гласат:

„2. Се задолжуваат Секретаријатот за европски прашања, Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да платат подеднаков дел од вкупните трошоци за хотелско сместување и превоз на претставниците на медиумите кои ќе се акредитираат преку системот за акредитирање на прес-службата на Владата на Република Северна Македонија и ќе имаат можност да го проследат и да известуваат од меѓународниот саем „Винска визија на Отворен Балкан“ и од настанот „Македонска вечер“.

3. Се задолжуваат Секретаријатот за европски прашања, Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, вклучени во организација на настанот „Македонска вечер“, меѓусебно и подеднакво да ги поделат трошоците за организирање на настанот.

4. Претседателот на Владата на Република Северна Македонија д-р Димитар Ковачевски ќе биде придружуван од владината делегација во состав:

- м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања,
- Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и
- Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.“.

**12.** Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на предлогот во врска со тековните воени судири и тешката хуманитарна ситуација во појасот Газа и Барањето на Арапската Република Египет за итна хуманитарна помош наменета за овој регион, поради потребата да се разгледа во присуство на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**13.** Владата го овласти д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација да потпише анекс на Договор за одржување на Софтвер за полагање на испити во државните институции, со цел да продолжи процесот на полагање испити во државните институции (предмет на Договорот), до избор на нов оператор.

**14.** Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Унија по Договор за заем за Макрофинансиска поддршка на Република Северна Македонија, по скратена постапка, доставен до Собранието на Република Северна Македонија, со писмо бр.41-11575/3 од 31 октомври 2023 година.

**15.** Владата ги разгледа:

1) Предлог-одлуката за одобрување на вработување на неопределено време (Центар за управување со кризи);

2) Предлог-одлуката за одобрување на вработување на неопределено време (Управа за водење на матичните книги);

3) Предлог-одлуката за одобрување на вработување на неопределено време (Акционерско друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино во државна сопственост);

4) Предлог-одлуката за одобрување на вработување на неопределено време (Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија);

5) Предлог-одлуката за одобрување на вработување на неопределено време (Јавно претпријатие Стрежево-Битола);

6) Предлог-одлуката за одобрување на вработување на неопределено време (Секретаријат за европски прашања);

7) Предлог-одлуката за одобрување на вработување на неопределено време (Акционерско друштво за поштенски сообраќај Пошта на Северна Македонија во државна сопственост-Скопје);

8) Предлог-одлуката за одобрување на вработување на неопределено време (Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство);

9) Предлог-одлуката за одобрување на вработување на неопределено време (Министерство за финансии);

10) Предлог-одлуката за одобрување на вработување на неопределено време (Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје);

11) Предлог-одлуката за одобрување на вработување на неопределено време (Министерство за животна средина и просторно планирање);

12) Предлог-одлуката за одобрување на вработување на неопределено време (Јавно претпријатие Колекторски систем);

13) Предлог-одлуката за одобрување на вработување на неопределено време (Државен инспекторат за земјоделство);

14) Предлог-одлуката за одобрување на вработување на неопределено време (Државен архив на Република Северна Македонија);

15) Предлог-одлуката за одобрување на вработување на неопределено време (АД Водостопанство на Република Северна Македонија-Скопје);

16) Предлог-одлуката за одобрување на вработување на неопределено време (Дирекција за заштита и спасување);

17) Предлог-одлуката за одобрување на вработување на неопределено време (Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој);

18) Предлог-одлуката за одобрување на вработување на неопределено време (Агенција за катастар на недвижности) и

19) Предлог-одлуката за одобрување на вработување на неопределено време (Агенцијата за млади и спорт),

и условно ги донесе одлуките, со заклучок предлагачот текстот на истите да го усогласи со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

**16.** Владата на Република Северна Македонија, на Сто деведесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 ноември 2023 година, под „Прашања и предлози“ ги разгледа предлог-одлуките за одобрување на вработување на неопределено време (за 19 државни институции) и условно ги донесе одлуките со заклучок предлагачот текстот на истите да го усогласи со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

Имајќи ја предвид Информацијата за потребата за зајакнување на институционалните капацитети во насока на остварување на законските надлежности, исполнување на редовните обврски и остварување на целите на институциите, усвоена на двесте и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 ноември 2023 година, во делот „Прашања и предлози“, точка 7, одлуките нема да се реализираат.

**17.** Владата заклучи да се измени Заклучокот од Сто седумдесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 јули 2023 година (Точка 71, заклучок под реден бр. 9) кој гласи: „Се задолжува Министерството за финансии итно да издаде финансиска согласност за прием на 100 затворски полицајци, средства за набавка на жичана ограда во затворот во должина од 5 километри и за набавка на скенер за рачен багаж“, во насока средствата за набавка на жичана ограда во затворот во должина од 5 километри Управата за извршување на санкции наместо во 2023 година, набавката да ја започне во 2024 година во рамки на обезбедените средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година во износ од 60 милиони денари.

## <u>Точка 40</u>

Владата го разгледа Шестмесечниот извештај за работата на Агенцијата за катастар на недвижности за периодот јануари-јуни 2023 година, како материјал за информирање.

## <u>Точка 41</u>

Владата го разгледа Акцискиот план за постапување по препораките на Државниот завод за ревизија на Република Северна Македонија содржани во Конечниот извештај бр.19-229/6 од 20.3.2023 година, како материјал за информирање.

## <u>Точка 42</u>

Владата го разгледа Извештајот за финансиско работење за период од 1 април до 30 јуни 2023 година, на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“- Скопје, во државна сопственост, како материјал за информирање.

## <u>Точка 43</u>

Владата го разгледа Извештајот за работата на јавните обвинителства на Република Северна Македонија во 2022 година, како материјал за информирање.

## <u>Точка 44</u>

Владата го разгледа Извештајот за извршени инспекциски надзори над спроведувањето на обврските на концесионерите утврдени во договорот за давање

на концесија на риби за организирање на рекреативен и вршење на стопански риболов за периодот јануари-јуни 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 45**

Владата ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија.

**Точка 46**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за посебни услови за трговијата на одделни стоки.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на Јавното претпријатие за државни патишта за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минералната суровина-варовник на локалитетот „Горно Поле“, с.Горна Бањица, Општина Гостивар, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-варовник на локалитетот „Горно Поле“, с.Горна Бањица, Општина Гостивар.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на Урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен коридор 10д, делница на Автопат Прилеп-Битола, Општина Прилеп, Општина Могила и Општина Битола (км 7+825.81-км 37+072), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на Урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен коридор 10д, делница на Автопат Прилеп-Битола, Општина Прилеп, Општина Могила и Општина Битола (км 7+825.81-37+072) (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 49**

Владата ги разгледа Предлог-одлуката за доделување средства за финансирање на проекти за развој на планските региони за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година, Предлог-одлуката за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби во 2023 година, со индикативно планирани средства за 2024 година, Предлог-одлуката за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на села во 2023 година, со индикативно планирани средства за 2024 година и Предлог-одлуката за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на урбани подрачја во 2023 година, со индикативно планирани средства за 2024 година и ги донесе

одлуките, со заклучок текстот на истите да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**<u>Точка 50</u>**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на планските региони за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**<u>Точка 51</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за измена и дополна за потпишување на Договор меѓу Европска Унија од една страна и Република Северна Македонија од друга страна за учество во Програмата на Унијата „Живот“ (LIFE) за заштита на животната средина и климатски активности и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ги обезбеди потребните финансиски средства за влезен билет за учество на Република Северна Македонија во програмата „Живот“ за 2023 година во висина од 245,589.00 евра.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање по доставување на фактура од Европска комисија за финансиски средства за влезен билет за учество на Република Северна Македонија во програмата „Живот“ за 2024 година да ја извести Владата.

**<u>Точка 52</u>**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за изменување на Програмата за финансирање на земјоделски производители на храна за 2023 година и ја донесе Програмата, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**<u>Точка 53</u>**

Владата го разгледа Предлогот на закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за финансии да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, по скратена постапка да се достави

до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии, Аница Иваноска-Стрезовски, државен советник во Министерството за финансии и Тања Трипунова, државен советник во Министерството за финансии.

**Точка 54**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за буџети, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Предлогот на закон да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за буџети, по скратена постапка да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николовски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии, Аница Иваноска-Стрезовски, државен советник во Министерството за финансии и Тања Трипунова, државен советник во Министерството за финансии.

**Точка 55**

Владата го разгледа Предлогот на буџет на Република Северна Македонија за 2024 година и го утврди со следниве заклучоци:

1. Да се направи внатрешна прераспределба во рамки на буџетот на Министерството за одбрана за 2024 година, со цел обезбедување на дополнителни средства во износ од 100 милиони денари за наменски дотации за пожарникарите. Истовремено, се задолжува Министерството за одбрана да достави Табеларен преглед за распределба на наменските дотации за пожарникарите по општини.

2. Да се направи внатрешна прераспределба во рамки на буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2024 година, со цел обезбедување на дополнителни средства во износ од 245 милиони денари за субвенции за јавни претпријатија, по основ на нерентабилен патнички сообраќај.

3. Пречистениот текст на Предлогот на буџет на Република Северна Македонија за 2024 година да се достави до Собранието, согласно член 179 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии, Аница Иваноска Стрезовски, државен советник во Министерството за финансии и Тања Трипунова, државен советник во Министерството за финансии.

Истовремено, Владата расправаше и укажа на потребата во текот на 2024 година, да се разгледа можноста потребните средства за Проектот за пречистителна станица за отпадни води во Скопје, субвенционирањето на филијарното производство, купувањето на објект за амбасада во Њујорк во Соединетите Американски Држави, проектот за изградба на социјални станови и средствата потребни за државна помош на претпријатија, да се имаат предвид при следните измени и дополнувања на Буџетот на Република Северна Македонија.

## Точка 56

Владата го разгледа Предлогот на закон за виното (*) и го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за виното (*) да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и д-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Реџаил Исмаили, државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Борче Јоновски, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 57

Владата го разгледа Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за Железничкиот коридор VIII-Фаза 3, делница од Крива Паланка до граница со Република Бугарија, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон, да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за Железничкиот коридор VIII-Фаза 3, делница од Крива Паланка до граница со Република Бугарија, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Филип Николоски, заменик на министерот за финансии и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии, м-р Митко Трајчулески, државен секретар во Министерството за транспорт и врски и Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии.

**Точка 58**

Владата го разгледа Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Финансискиот договор за Железничкиот коридор VIII-источна делница МК, делница Крива Паланка-граница меѓу Северна Македонија и Бугарија, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Финансискиот договор за Железничкиот коридор VIII-источна делница МК, делница Крива Паланка-граница меѓу Северна Македонија и Бугарија, по скратена постапка да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Филип Николоски, заменик на министерот за финансии и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии, м-р Митко Трајчулески, државен секретар во Министерството за транспорт и врски и Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии.

**Точка 59**

Владата го разгледа Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка по

Договорот за заем за развојни политики за одржливост и отпорност, по скратена постапка (усогласен со Секретаријатот за законодавство), го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии.

## Точка 60

Владата го разгледа Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова (КфВ) по Договор за заем заснован на политики за Северна Македонија, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Предлагачот да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова (КфВ) по Договор за заем заснован на политики за Северна Македонија, по скратена постапка да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николовски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии.

## Точка 61

Владата го разгледа Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Унија по Договор за заем за Макрофинансиска поддршка на Република Северна Македонија, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за финансии да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Унија по Договор за заем за Макрофинансиска

поддршка на Република Северна Македонија, по скратена постапка да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии.

**Точка 62**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одбележувањето на Денови на албанската азбука, како материјал за информирање.

**Точка 63**

Владата ја донесе Одлуката за основање на Национална установа „Спомен-куќа на Мустафа Кемал Ататурк“-Коџаџик, Центар Жупа.

**Точка 64**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за основање на Национална установа „Центар за култура на турската заедница во Република Северна Македонија“-Скопје.

**Точка 65**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со реализацијата на проектот за реконструкција и адаптација на старото училиште „Димитар Влахов“ во с.Љубојно и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во Разделот 18010-Финансирање на дејностите од областа на културата на Министерството за култура, Програма 59-адаптација на старото училиште во с.Љубојно во Центар за промоција на македонскиот јазик, Потпрограма 48-капитални расходи, ставка 489-претпријатија и невладини организации, за чие плаќање потребно е користење на буџетски средства во 2024 година и 2025 година на Министерството за култура и НУ „Завод за заштита на спомениците на културата и музеј“-Битола за реконструкција и адаптација на старото училиште „Димитар Влахов“ во с.Љубојно, во вкупна вредност од 32.855.350,00 денари, со вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 20.000.000,00 денари, со вклучен ДДВ во 2024 година;
- 12.855.350,00 денари, со вклучен ДДВ во 2025 година;

2.Се задолжува Министерството за култура да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

3.Се задолжува НУ „Завод за заштита на спомениците на културата и музеј“-Битола, да спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка на работи според доставениот предмер-пресметка за реконструкција и адаптација на старото училиште „Димитар Влахов“ во с.Љубојно, доставен до Министерството за култура со Допис бр.08-379/12 од 9 ноември 2023 година.

## Точка 66

Владата ја разгледа Информацијата за разгледување на можноста, правните основи и исполнетоста на условите за спојување на универзитетските клиники и универзитетските институти од Комплексот клиники „Мајка Тереза“ во Јавна здравствена установа-Универзитетски клинички центар и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за здравство, во рок од 60 дена, да подготви и до Владата да достави предлог-одлука за спојување на јавните здравствени установи-универзитетски клиники и универзитетски институти од Комплексот клиники „Мајка Тереза“ во Јавна здравствена установа-Универзитетски клинички центар „Мајка Тереза“.

2. Се задолжува Министерството за здравство, во рок од 30 дена, согласно условите од Законот за установите, да спроведе соодветна постапка за добивање одобрување за употреба на името на Мајка Тереза како дел од називот на установата, при што да се има предвид мислењето на Министерството за култура при подготовка на предлог-одлуката.

## Точка 67

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 2 ноември 2023 година до 8 ноември 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 68**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 20 октомври 2023 година до 26 октомври 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 69**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 3 ноември 2023 година до 5 ноември 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 70**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 26 октомври 2023 година до 1 ноември 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 71**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за

период од 27 октомври 2023 година до 2 ноември 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 72

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од обезбедување на дел од возилата на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, органите на државна управа и градоначалниците на општините и Град Скопје во Република Северна Македонија, за потреби на одржувањето на Конференцијата на Министерскиот совет на ОБСЕ во Скопје и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, за потребите на конференцијата на Министерскиот совет на ОБСЕ, да отстапи дел од фондот на своите службени возила, како што следи, 35 ВИП лимузини марка „шкода суперб", 1 ВИП лимузина марка „Мерцедес" блинд и 4 комбиња за делегации марка „пежо боксер" (13+1), во периодот од 28 ноември до 2 декември 2023 година.

2. Се задолжуваат органите на државна управа да направат итна проверка за можноста за отстапување на соодветни возила (не се однесува на оние возила кои ги користат од Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија) за потребите на конференцијата на Министерскиот совет на ОБСЕ во Скопје, кои би се користеле како ВИП возила-лимузини, возила за полициска придружба, комбиња и автобуси (без бои и ознаки на воени или полициски возила), редовно сервисирани и во добра возна состојба и најдоцна до 20.11.2023 година да го известат Министерството за надворешни работи за возилата кои се спремни да ги отстапат.

3. Се препорачува на сите градоначалници на општините во Република Северна Македонија и Градот Скопје да ја испитаат можноста за отстапување на соодветни возила за потребите на конференцијата на Министерскиот совет на ОБСЕ во Скопје, кои би се користеле како ВИП возила-лимузини, возила за полициска придружба, комбиња и автобуси, редовно сервисирани и во добра возна состојба и најдоцна до 20.11.2023 година да го известат Министерството за надворешни работи за возилата кои се спремни да ги отстапат.

## Точка 73

Владата ја разгледа Информацијата за добивање согласност за споделување на Завршен извештај и конечен Предлог-договор за градење со стратешкиот партнер до Комитетот за преговори формиран од Владата на Република Северна Македонија и Договорот за изградба на автопат на Коридорот 8: делница Тетово-Гостивар-Букојчани и Требениште-Струга-Ќафасан и автопат на Коридор 10 Д:

делница Прилеп-Битола, со Државниот завод за ревизија, ја усвои и даде согласност за споделување на завршен извештај и конечен Предлог-договор за градење со стратешкиот партнер до Комитетот за преговори формиран од Владата на Република Северна Македонија и Договорот за изградба на автопат на Коридорот 8: делница Тетово-Гостивар-Букојчани и Требеништe-Струга-Ќафасан и автопат на Коридор 10 Д: делница Прилеп-Битола, со Државниот завод за ревизија.

Истовремено, Јавното претпријатие за државни патишта да го има предвид член 1 точка 12 од Договорот за изградба на автопат на Коридор 8: делница Тетово-Гостивар-Букојчани и Требеништe-Струга-Ќафасан и автопат на Коридор 10 Д: делница Прилеп-Битола, број 09-2234/1 од 8 март 2023 година, согласно кој Договорот е за ограничена употреба, поради што е забрането да се копира, печати, дистрибуира или на кој било начин неовластено да се користи неговата содржина, без претходна согласност на договорните страни.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:50 часот.

**Заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**Tahir Hani**

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**д-р Димитар Ковачевски**